Денес во Велес беа промовирани Граѓански информатори за услуги, кои треба да обезбедат пристап на граѓаните до информации за услугите. Промоцијата беше дел од одбележувањето на 9 ноември и 65 години слободен Велес.



Граѓанските информатори ги промовираа  Славчо Чадиев, Претседател на Советот на општина Велес и Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС. „Велес, градот на македонските дејци, е најдобра илустрација дека луѓето се најголемото богатство на Велес и Македонија. За развој на тоа богатство, луѓето, потребно е да се употребат и развиваат нивните способности и отвореност и  да се вклучуваат во општествените текови. Граѓанските информатори се еден мал дел од мозаикот за отворен и транспарентен Велес. Со тоа Велес продолжува да биде град пример“, рече Клековски.



работи во рамките на општина Велес. Граѓанскиот сервис центар, кој веќе две години